Врз основа на одредбите од член 387, член 388, член 388-а и член 393 од Законот за трговските друштва, а во согласност со одредбите од член 39 и член 40 од Статутот на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, со седиште на ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Претседателот на Одборот на директори на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје го објавува следниот:

**Ј А В Е Н П О В И К**
**за одржување на презакажано Годишно собрание на акционери**

Поради немање кворум за работа на Собранието свикано на 28.05.2026 година, седницата на презакажаното Годишно Собрание на Акционери на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, ќе се одржи на **12 Јуни 2026 година (Петок) во 12:30 часот,** во седиштето на Друштвото, на адреса на ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на записничар и бројач на гласови;
3. Разгледување и усвојување на поединечни годишни сметки и финансиски извештаи и годишниот извештај за работа за 2025 година на Друштвото;
4. Разгледување и усвојување на консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи за 2025 година на Друштвото;
5. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори;
6. Донесување одлука за покривање на загубата;
7. Донесување одлука за избор на Овластена ревизорска куќа за вршење ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година;
8. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни;
9. Усвојување и одобрување на поединечните и консолидирани ревидирани финансиски извештаи за 2024 година на друштвото;
10. Друго.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото должен е да го пријави своето учество (Пријава за учество на презакажано Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на Дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва. Гласањето по точките од Дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски.

Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото www.wabteccorp.com.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од истиот.

Акционерите можат да доставaт предлози за нови точки во Дневниот ред, предлози на одлуки и прашања во рок од 8 дена од датумот на објавата на Јавниот повик, а подетални информации за постапката за предлагање точки на Дневен ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите ќе бидат достапни на страницата на Друштвото www.wabteccorp.com.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации, согласно Законот за трговски друштва ќе им се достапни на сите акционери од денот на објавувањето на Јавниот повик, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, во просториите на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото www.wabteccorp.com.

Одбор на директори